MQS
Partner of Quality Austria
Бр./Nr 12-1856/6
17-11-2020 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава доставена од подносителот ------- до Државната комисија за спречување на корупцијата, на 41-та седница одржана на 11.11.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката по предметот со број 12-3630/1 од 22.07.2019 година оформен по пријава поднесена од подносителот -------- до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-3630/1 од 22.07.2019 година бидејќи во конкретниот случај постапил надлежен орган (Судски совет на РСМ) кој во рамките на своите законски надлежности ја утврдил фактичката состојба при што не констатирал неправилности во постапувањето на судиите во пријавениот случај.

Предметот да се затвори и архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-3630/1 од 22.07.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносителот Дане Кочов.

Во пријавата се укажува на наводи за сомневања за незаконско постапување на судиите на Апелациониот суд Битола во состав -------- претседател на советот, ------------ - членови на советот кои постапувале во предметот заведен под број ГЖ-2652/18 каде одлучувајќи по жалбата на тужителот ---------------- донеле Пресуда на ден 11.03.2019 година со која ја преиначиле Пресудата донесена од страна на Основниот суд Битола П1-165/16 од 22.03.2017 година и имотот (нелегално дограден објект кој се наоѓа на јужната страна од легалниот објект, а се состои од подрум во површина од 18,75 м2 и кат со површина од 17,40 м2, се наоѓаат на КП бр.14184 во евидентен лист 28672 за КО Битола 3) кој е предмет на судска постапка, без релевантни докази, му бил досуден на тужителот ----------------.

Со цел проверка на наводите во пријавата и утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК се обрати со Барање за прибарање на податоци и информации со број 12-1856/1 од 07.05.2020 година до Судскиот совет на Р.Северна Македонија со кое беше побарано да се провери

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

постапувањето на судиите на Апелациониот суд Битола во состав -------- - претседател на советот, ------------------- - членови на советот во предметот ГЖ-2652/18 и за резултатите од постапувањето да ја известите Државната комисија.

Во законски утврдениот рок од Судскиот совет на Р.Северна Македонија беше доставено Известување дека доколку до Државната комисија е пристигната претставка за која е надлежен да постапува Советот, да се достави копие од истата со придружната документација, согласно Законот за постапување по претставки и прилози, со цел да може по истата да се преземат дејствија во надлежност на Советот.

Со допис број 12-1856/3 од 28.05.2020 година беше доставено копие од пријавата со сета доставена документација.

На ден 26.10.2020 година Судскиот совет на Р.Северна Македонија достави одговор по однос на доставената претставка до ДКСК.

При разгледување на предметниот случај, Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид предметните наводи и добиениот одговор од Советот при што ја утврди следната фактичка состојба:

Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по претставката, во смисла на член 6 од Законот за постапување по претставки и предлози прибра податоци, известувања и мислења за фактите и околностите од значење за нивно оценување и во смисла на член 36 став 1 алинеја 15 од Законот за Судскиот совет на РСМ, истата ја разгледа на седницата одржана на ден 30.09.2020 година по што констатира дека судиите на Апелациониот суд Битола во изјавата појаснуваат дека по изјавена ревизија од првотужениот (подносителот) против пресудата на Апелациониот суд Битола ГЖ бр.2652/18, Врховниот суд донел Пресуда со која ја одбил ревизијата како неоснована. Воедно, Врховниот суд го задолжил со трошоци за одговор на ревизијата, а не Апелациониот суд Битола поради што неосновани се наводите во таа насока.

Во приложените одлуки од Апелациониот суд Битола и Врховниот суд на РСМ се дадени јасни и образложени причини од кои се раководеле судовите при одлучувањето, односно дадена е анализа на доказите и по однос на преиначената пресуда на Апелациониот суд Битола и по однос на одбиената ревизија од страна на Врховниот суд на РСМ.

Согласно членот 11 од Законот за судовите предвидено е дека судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оценка на доказите, до дека во членот 13 од истиот Закон е предвидено дека судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд, во постапка пропишана со закон. Според наведеното, Судскиот совет нема надлежност да преиспитува, менува или укинува судски одлуки. Во пријавениот случај постапката е правосилно завршена, односно предметниот спор е решен во сите судски истанци, а наводите на подносителот се жалбени наводи кои биле ценети од страна на повисоките судови согласно законот. Судскиот совет утврдил дека нема елементи за нестручно и несовесно вршење на судиската функција на судиите кои постапувале по предметот.

Врз основа на погоре утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека во конкретниот случај постапил надлежен орган (Судски совет на РСМ) кој во рамките на своите законски надлежности ја утврдил фактичката состојба при што не констатирал неправилности во постапувањето на судиите во

пријавениот случај. Оттаму, ДКСК заклучи дека нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметиот случај и предметот да се затвори и архивира. Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И.П.
Одобрил: Н.Б. член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**